**Известување за концентрација со која Сауди Арамко Девелопмент Компани, Дахран и Ексел Инвестментс Холандија Б.В. Холандија ќе формираат целосно функционално заедничко вложување (предмет бр. 08-74/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 12.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување од страна на **Сауди Арамко Девелопмент Компани** (Saudi Aramco Development Company), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран, 31311, Кралство Саудиска Арабија и **Ексел Инвестментс Холандија Б.В** (Exel Investments Netherlands B.V.), со регистрирано седиште на П. Де Кубертинвег 7 N6225XT, Маастрихт, Холандија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Сауди Арамко Девелопмент Компани е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company; „Saudi Арамко“). Saudi Арамко е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирано присуство во Северна Макдонија.

**Ексел Инвестментс Холандија Б.В.** (Exel Investments Netherlands B.V.) е друштво со ограничена одговорност кое не котира на берза, основано согласно законите на Холандија и е зависно друштво во целосна индиректна сопственост на Дојче Пост АГ (Deutsche Post AG).

Дојче Пост АГ е присутно во Република Северна Македонија преку своето зависно друшто Друштво за транспорт и услуги ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 32 бр. 5 Илинден и регистирирана основна дејност - Дејности за давање на останати поштенски и курирски услуги. Услугите кои се обезбедуваат во Северна Македонија вклучуваат управување со пратки, како и поштенски и курирски услуги.

Заедничкото вложување ќе биде основано во Саудиска Арабија и ќе биде активно во развојот, работењето и одржувањето на објекти за обезбедување на набавки и услуги за логистика во Саудиска Арабија и регионот на Блискиот исток и Северна Африка. Моментално не е предвидено Заедничкото вложување да ги нуди своите услуги во Северна Македонија

Според подносителите на известувањето, релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира како пазар на услуги за логистика по нарачка.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.05.2023 година
Скопје